# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Број 5 * година IV * петок, 08.05.2009 година * Карпош * цена:**

**Излегува по потреба**

**е-маил: kontakt@karpos.gov.mk        www.karpos.gov.mk**

**Скопје, мај 2009 година**

==========================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ бр. 1/06, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за образување Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советотна Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за образување Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош, донесена на Првата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 април 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 1181/1
21.04.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, член 39, став 1, алинеја 1 и член 40 од Статутот на Општина Карпош / „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, член 4, 106, 123 и член 124, став 4 од Деловникот на Советот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/06/, Советот на Општина Карпош на Првата конститутивна седница, одржана на 16 април 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

за образување Комисија за прашања на верификација,
мандатни прашања, избори и именувања на Советот
на Општината Карпош

**Член 1**

Советот на Општина Карпош образува Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општината Карпош, во состав Претседател и 6 /шест/ члена.

**Член 2**

За Претседател и 6 члена на Комисијата од член 1 од оваа Одлука се избираат:

Претседател - Емил Угриновски, член на Советот на Општина Карпош

Членови:
1. Анка Спасовска
2. Роберт Јанковски
3. Александар Паталовски
4. Ранко Петровиќ
5. Горан Михајлов, и
6. Душан Велкоски, членови на Советот на Општина Карпош

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-1137/1
16.04.2009 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
ПРЕТСЕДАВАЧ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ бр. 1/06, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, за I квартал

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, за I квартал, донесен на Втората седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 7 мај 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 1392/1
08.05.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

**3.-**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 41, ст. 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/2/ и член 16 од Статутот на Општината Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, а во врска со член 23, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 61/04/, Советот на Општина Карпош на Втората седница, одржана на 07 мај 2009 година, расправајќи по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, за I квартал, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Кварталниот извештај за извршување
на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година
за I квартал

1. Советот на Општината Карпош го усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, за I квартал.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 1286/1
07.05.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

**4.-**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ бр. 1/06, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош

1. Се објавува Заклучок за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, донесена на Втората седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 7 мај 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 1392/1
08.05.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 46 став 5 од Законот за основното образование („Службен Весник на РМ“ бр. 103/08), член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен Гласник на Општина Карпош“бр.01/06 ), Советот на Општината Карпош на Втората седница, одржана на 07.05.2009 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на реони на основните
училишта на Општина Карпош

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат реоните на основните училишта од кои се опфаќаат учениците на целата територија на Општината Карпош.

**Член 2**

Со донесувањето на оваа Одлука се обезбедува рамномерен прилив на учениците во основните училишта и рационално искористување на училишните капацитети во Општина Карпош.

**Член 3**

Реонот на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“,Скопје, ја опфаќа територијата на урбаната заедница Карпош 1 што се простира на исток до ул„Франклих Рузвелт“, на југ бул„Партизански Одреди“, на запад до ул„Никола Тесла“ и на север до бул„Илинден“.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“

**Член 4**

Реонот на Општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Карпош 2 што се простира на исток до ул„Никола Тесла“, на север до бул„Илинден“, на југ бул„Партизански Одреди“ и на запад  до ул„8 Септември“.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Вера Циривири Трена“

**Член 5**

Реонот на Општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Карпош 3 што се простира на исток до ул„8 Септември“, на север до бул„Илинден“, на југ до бул„Партизански Одреди“ и на запад до ул „Љубљанска“.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Лазо Трповски“.

**Член 6**

Реонот на Општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Карпош 4 што се простира на исток до ул„Љубљанска“, на север до бул„Илинден“, на запад до ул„Никола Парапунов“ и на југ до бул„Партизански Одреди“.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Петар Поп Арсов“.

**Член 7**

Реонот на Општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Тафталиџе што се простира на исток до ул„Франклин Рузвелт“, на југ до ул„Теодосије Гологанов“, на север до бул„Партизански Одреди“ и на запад до ул„8 Септември“.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Војдан Чернодрински“.

**Член 8**

Реонот на Општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Тафталиџе 1 што се простира на исток до ул„8 Септември“, на југ до ул„Теодосије Гологанов“, на север до бул„Партизански Одреди“ и на запад до ул„Московска“.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Јан Амос Коменски“.

**Член 9**

Реонот на Општинското основно училиште „Братство“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Тафталиџе 2 што се простира на исток до ул„Московска“, на север до бул„Партизански Одреди“, на запад до р.Вардар и на југ до ул„Теодосије Гологанов“ и населените места Горно и Средно Нерези.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Братство“.

**Член 10**

Реонот на Општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Козле што се простира на исток до ул„Васил Ѓоргов“, на север до ул„Теодосије Гологанов“ и урбаните заедници Трнодол и Жданец.

16.-

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Владо Тасевски“.

**Член 11**

Реонот на Општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, ја опфаќа територијата на урбаната заедница Влае 1 , Влае 2 што се простира на исток до р.Вардар, на север до ул„Ацо Шопов“, на запад до бул„Македонска војска“ и на југ до ул„Теодосије Гологанов“.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Димо Хаџи Димов“.

**Член 12**

Реонот на Општинското основно училиште „Аврам Писевски“, ја опфаќа територијата на населените места с.Бардовци и населбата Злокуќани.

Учениците од прво (I) до деветo (IX) одделение од овој реон се запишуваат во Општинското основно училиште „ Аврам Писевски“.

**Член 13**

Општинското основно училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.

**Член 14**

Општинското основно училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување.

**Член 15**

За учениците кои доброволно се запишани во основно училиште на друг реон или друга општина трошоците за превоз паѓаат на терет на родителот.

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

Број 07-1286/2
07.05.2009 година
Скопје

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
ПРЕТСЕДАВАЧ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

17.-

**Содржина:** **Страна**


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Решение за објавување на Одлука за образување Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош........................... | 1 |
| 2. | Одлука за за образување Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош.......................................................................... | 2 |
| 3. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, за I квартал.............................................. | 3 |
| 4. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година- I квартал............ | 4 |
| 4. | Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за I квартал......................................................................... | 5-13 |
| 5. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош................................. | 14 |
| 6. | Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош......................................................................... | 15-18 |